5647

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
4. VII. 1967

(1)

## СКОПСКИ ЛИКОВНИ ИНСТИТУЦИИ (I)

### МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Околу 1.400 експонати од целиот свет

**★ ОД СВОЕТО ФОРМИРАЊЕ ДО ДЕНЕС МУЗЕЈОТ Е ОРГАНИЗАТОР НА ПОВЕЌЕ МОШНЕ ЗНАЧАЈНИ ИЗЛОЖБИ**

**На 11 февруари 1964 година е формирана една културна институција која денес ги оправдува нашите очекувања — од првобитната акција за собирање на подарени ликовни дела, спроведена низ сите континенти како солидарност кон Скопје, прерасна во Музеј со оформен културно-воспитен карактер.**

На музејот на современата уметност од Скопје му беше потребна поддршка и тој ја доби преку републичките фактори и сите хуманитарни организации и институции од целиот свет. Денес неговата збирка брои околу 1.400 експонати. Но каква улога има Музејот во подрачјето во кое делува? „Тој станува мост меѓу уметностите на луѓето од сите краишта на земјината топка“ а преку богатата колекција на висококвалитетни експонати ликовно ја воспитува публиката. Поентата на Музејот, меѓутоа, лежи во ориентацијата на интересот кон живата уметност, онаа уметност која денес извира низ каналите на секојдневието и е составен дел на нашата стварност. Намерата да се направи „пресек“ на современата светска уметност не е повод за формирањето на овој Музеј што во спротивно би значело раѓање на институција од затворен музејски тип каде вредностите, археолошки и културноисториски нема да се колебаат. Музејот има за цел (според досегашната негова активност) да ги следи тековите на современата уметност и во својата збирка да наоѓа место за новите тенденции и продори што се јавуваат на ликовен план. Недостигот од еден таков фактор кој ќе се интересира за обелоденување на сегашното ликовно творештво на уметниците е пополнето со формирањето на овој музеј.

**Сведоци сме за поголема ликовна активност во нашиот главен град, што во повеќето случаи е сврзано со активноста на Музејот на современата уметност. Имавме можност преку акциите на овој музеј да ги видиме изложбите на Хартунг, Мајскиот салон од Париз а наскоро и графиките од најпознатиот уметник на денешницата Пабло Пикасо. Низ салонот на овој музеј ги видовме самостојните изложби на повеќе југословенски и македонски уметници, а ја поздравуваме иницијативата за организирањето на сликарската и скулпторската изложба од најмладите македонски уметници.**

Во републички граници се повеќе се насира неопходноста од ваква институција. Еден таков факт зборува за таа нејзина значајност. Уметничката галерија од Куманово свечено се отвори со изложбата на современи странски и југословенски уметници од колекцијата на Музејот на современата уметност во Скопје. Музејот е, исто така, организатор на современата македонска уметност што ќе се отвори идната година во Музејот на современата уметност на Белград, а оваа изложба ќе биде една од најзначајните манифестации за македонската ликовна јавност. Сето ова зборува дека Музејот излегува од анонимноста што ја условуваше немањето на изложбен простор, скромната финансиска состојба и секако тешкотиите што ја следат секоја новоформирана институција.

**Музејот секако нема да се поведе по периферните насоки и некои од неизвесните светски струења во комплексот на денешната ликовна стварност, туку квалитетот и врвните ликовни достигања на југословенски и светски план се основа за формирање на неговиот музејски карактер.**

Растежот на музејот со симпатии е следен како од ликовната публика, така и од нас ликовните уметници за кои музејот нема само евидентно значење за современата светска ликовна уметност, туку значи проширување на видиците и можноста за компарација на нашата уметност со ликовните струења надвор од нашата земја и конечно сознанието дека сме дел од една голема светска хуманитарна заедница која се грижи за естетиката на ликовната мисла во чиј состав македонската уметност има свое место.

**Симон Шемон**